**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија” бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), се доставува:

Примено / Pranuar: 13.11.2019
Орг. единица / Njesia org.: 10 | Број / Numer: 4967 | 1

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Контролен

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ Студио ТЕРА Манговски Зоран Битола ДООЕЛ

3. **Период опфатен со надзорот:** 10 октомври 2019 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 13 ноември 2019 година

5. **Предмет на надзорот:**

**Член 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
(1) Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзуваат дневно да емитуваат најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела, а јавниот радиодифузен сервис најмалку 40%.
(3) Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзани најмалку половина од обврските утврдени во ставот (1) на овој член да ги остварат во периодот од 7,00 до 19,00 часот.

6. **Претходно изречена мерка:**

*На 21 август 2019 година, за непочитување на член 92 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за преземање мерка – јавна опомена (Уп1 бр. 03-364 од 21.08.2019 година) на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ Студио ТЕРА Манговски Зоран Битола ДООЕЛ.*

*Со изречената мерка му наложи на радиодифузерот во рок од 30 дена од денот на приемот на решението (22.08.2019г.) да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

**7. Констатации од надзорот:**

Со контролниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ Студио ТЕРА Манговски Зоран Битола ДООЕЛ, емитуван на 10 октомври 2019 година, на регионално ниво, констатирано е дека субјектот на надзорот (радиодифузерот) **во целост постапил по решението за изрекување мерка - јавна опомена, односно ја отстранил извршената повреда на членот 92 став 3** од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**8. Опис на прекршувањето: /**

**9. Предлог мерка: /**

***Сектор за програмски работи***